# НАГРАДЕН КОНКУРС

за краток филм со општествена порака
(организиран од Гимназија „Алгоритам“ во соработка со Продукција „Аски Катаски“)

**Гимназија „Алгоритам“**, во партнерство со **продукцијата „Аски Катаски“**, распишува **Конкурс за краток филм** за ученици од основното и средното образование. Целта на конкурсот е поттикнување на креативноста, визуелното изразување и критичкото размислување кај младите.
Конкурсот има некомерцијален, едукативен и културен карактер. Неговата цел е преку кратка видео форма да се пренесат општествено важни пораки кои ги засегаат младите денес.

## ТЕМА: „МОЈОТ СВЕТ ДЕНЕС“

Кратките филмови треба да обработуваат општествени теми релевантни за младите, како што се:

- пријателство, емпатија и почит
- врсничко насилство и онлајн безбедност
- ментално здравје и емоции
- различност, идентитет и самодоверба
- влијанието на социјалните мрежи
- екологија и грижа за околината
- соништа, стравови и визии за иднината

Пораката треба да биде јасна, искрена и автентична, раскажана од перспектива на младите.

## КАТЕГОРИИ ЗА УЧЕСТВО, ФОРМАТ И УСЛОВИ ЗА ФИЛМОТ

Според возраст:
**1. категорија:** I – VI одделение (времетраење до 1 минута)
**2. категорија:** VII – IX одделение (времетраење до 3 минути)
**3. категорија:** Средно образование (времетраење до 3 минути)

**Формат на видео:** вертикален (9:16) или хоризонтален (16:9)
(прилагоден за TikTok, Instagram Reels, YouTube Shorts или проекција)
**Жанр:** слободен (игран, документарен, анимација, експериментален, видео-порака)
**Јазик:** слободен (со или без говор)

## ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ

- Филмот може да биде снимен со: мобилен телефон, дигитална или видео камера
- Дозволена е основна монтажа (сечење, звук, титлови, едноставни ефекти)
- Формат на фајл: MP4 или MOV
- Креативноста, идејата и пораката се поважни од техничката опременост

**УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО**

- Право на учество имаат сите ученици од основно и средно образование
- Учество е можно: индивидуално или во тим
- Учесниците треба задолжително да имаат ментор (наставник/професор)

**КОТИЗАЦИЈА**

- За учество на конкурсот се плаќа котизација од 600 денари.
- Заедно со пријавата и линкот до филмот, задолжително се доставува и скенирана или фотографирана уплатница / доказ за извршена уплата.
- Уплатата се врши на следната сметка:

**Банка:** Комерцијална банка АД Скопје
**Број на сметка:** 300000005381111
**Назнака:** Котизација за конкурс за краток филм

Пријавите без доставен доказ за уплата нема да бидат разгледувани.

**НАЧИН НА ПОДНЕСУВАЊЕ**

Краткиот филм треба да се испрати по електронски пат на:
konkursi.algoritam@gmail.com

**Во пораката задолжително да стои:**

- Име и презиме на ученикот / тимот
- Возрасна категорија
- Училиште и одделение / клас
- Име и презиме на менторот
- Контакт e-mail и телефон
- Назив на филмот
- Линк до видеото (Google Drive, WeTransfer или слично)

**КРАЕН РОК**

**15 март 2026 година**, до 23:59 часот
Трудовите испратени по истекот на рокот нема да бидат разгледувани.

**КОМИСИЈА И КРИТЕРИУМИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ**

Филмовите ќе ги оценува стручна комисија составена од професионалци од областа на филмот, медиумите и визуелната уметност.

**Критериуми:**

- Јасност и сила на пораката
- Оригиналност и креативен пристап
- Раскажување и драматургија
- Визуелна и звучна целина
- Прилагоденост на возраста

**НАГРАДИ**
Во рамки на конкурсот ќе бидат доделени по една прва и една втора награда за секоја категорија. Наградите се во вид на техничка опрема, обезбедена од продукцијата „Аски Катаски“.

Со доставувањето на краткиот филм, авторот/авторите ѝ отстапуваат на Гимназија „Алгоритам“ право на користење на делото за промотивни и маркетиншки цели, како и право на јавно прикажување и објавување, без временско и територијално ограничување.

Сите учесници на конкурсот ќе добијат **сертификат за учество**.

**ОБЈАВА НА ТРУДОВИ И РЕЗУЛТАТИ**
- Сите валидно пријавени учесници и нивните трудови ќе бидат објавени на официјалната веб-страница и/или социјалните мрежи на Гимназија „Алгоритам“
- Резултатите од конкурсот ќе бидат јавно објавени по завршување на процесот на селекција